**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Г-дин Петрушевски пред почетокот на 15-та седницата која започна со видео конференциска врска, предложи до членовите на Советот да се донесе Заклучок за начинот на одржување на наредните седници преку видео конференциска врска. Објасни дека сите седум членови на Советот потпишале Изјава за согласност која ја доставиле на меил, но за да се даде уште една официјална форма, предложи да се донесе и Заклучок.

Г-дин Трајчев процедурално, рече дека и покрај донесување на ваков Заклучок со кој ќе се прифати овој начин на одржување на седниците, со оглед на фактот дека според него апликацијата што е одбрана не е толку соодветна но може да се каже дека може да се употребува, предложи да предвиди некоја процедура каде што ако некој од колегите има технички проблем да се направи одредена пауза додека тој проблем не се реши. Тоа го предлага затоа што додека тестирале претходниот пат имало проблем, како што сега некој од колегите има проблем, а и тој исто така, иако имал стабилен интернет и добра врска. Самата апликација „кочела“ во дадени моменти и бараше да се рестартира. Од тие причини, тоа да се предвиди со носење на овој Заклучок или дополнително да се предвиди некоја процедура доколку некој од колегите поради технички причини не може да биде присутен преку видео конференциската врска и додека тоа технички не се регулира, една, две или три минути да се направи пауза во одржувањето на седниците со цел да може секој да го даде својот допринос во гласањето. Ова може да биде и како дополнување на овој Заклучок.

Г-дин Петрушевски му одговори на г-дин Трајчев дека ако тоа се случи, ќе го има во предвид неговиот предлог и ако се дојде во одредена ситуација и нема да може технички да се регулира, и да се вклучи повторно било кој од нив, има можност да ги побара телефонски и аудиото да се сними дали е „за“ или „против“ во гласањето за да учествуваат сите. Тоа е трета опција од ова што г-дин Трајчев ја кажал. Во однос на Заклучокот ја прочита неговата содржина и членовите на Советот едногласно ја прифатија.

Поради потребата од превземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на коронавирусот COVID-19, согласно усвоените Заклучоци на Владата на РСМ од 19-та седница одржана на 14.03.2020 година и Одлуката на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за организирање на работа од дома од 16.03.2020 година, Советот на Агенцијата едногласно заклучи седниците да ги одржува преку видео

конференциска врска се до завршување на ограничувањата што ги препорачуваат Владата и Министерството за здравство.

Доколку некој од членовите на Советот на Агенцијата има технички прекин со комуникацијата при одржување на видео конференциската врска, ќе се направи пауза во текот на седницата се додека не се отстрани прекинот.

**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Горјан Шеќеринов, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 15-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека под Точка Разно се предложени две потточки. Бидејќи првата потточка е многу значајна предложи таа да биде посебна Точка бр.9 Предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозвола за радио емитување и под Точка Разно – Одобрување на набавка од мала вредност за маски, ракавици и средства за дезинфекција за вработените во Стручната служба која нема да надмине вредност над 30.000,00 денари. Објасни дека постапката за запирање на постапката за одземање на дозволата на радиото се става како посебна точка затоа што не е во ред да биде под Разно и со овие предлози ќе има измена во дневниот ред.

Г-дин Фиданоски рече дека неговата забелешка е процедурална. Се обидел претходно да се вклучи во разговорот во врска со Заклучокот, но веројатно не бил забележан. Им сугерираше на колегите и сите што се вклучени во видео

конференциската врска на седниците, се додека тие се одржуваат доколку се во можност да користат лаптоп или десктоп компјутер затоа што според него така ќе имаат постабилна слика и конекција и без проблем ќе тече конференциската врска. Доколку се јави технички проблем тогаш ќе постапуваат како што е дадено во Заклучокот.

Советот на Агенцијата, со корекциите, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 05.03.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2020 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2020 година.
4. Предлог-одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.
5. Предлог-одлука за доделување финансиска помош-донација за справување со последиците од Коронавирусот Covid-19.
6. Предлог за утврдување на став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2019 година.
7. Предлог-годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година.
8. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2020 година.
9. Предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
10. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од првото продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 05.03.2020 година.

Г-дин Јанчески предложи во вториот пасус на Записникот во реченицата „Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Јанчески е отсутен бидејќи минатата недела му пратил СМС порака дека во тој период е на службен пат во странство“, да се коригира со

„оправдано отсутен“ бидејќи тоа било пракса од претходно, го најавил отсуството и би сакал да се промени тој дел, односно во врска со отсуството да се додаде зборот „оправдано“.

Г-дин Петрушевски рече дека не го прифаќа неговиот предлог. Доволно е да стои отсутен и никаде во записникот не пишува дека е неоправдано отсутен. Објасни дека праксата од сега ќе биде вака, нема да стои „оправдано отсутен“ туку само „отсутен“.

Г-дин Јанчески рече дека реагирал затоа што претходно тоа било пракса во записниците и редовно стоело во заграда, но ако отсега па натаму праксата ќе биде така за него нема да има проблем.

Советот со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од прво продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 05.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2020 година.

Г-дин Јанчески имаше забелешка во текстот од вториот пасус од каде произлегува дека тој се придржува само кон една од мерките на Владата. Во таа насока побара да се избришат зборовите „една од“ и да стои „се придржува кон мерките на Владата за заштита од коронавирусот“. Смета дека така напишано ќе биде попрецизно.

Г-дин Петрушевски се согласи со забелешката на г-дин Јанчески и рече дека ќе биде коригирано онака како што предложил.

Советот со прифатената корекција, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2020 година.

Г-дин Петрушевски рече дека и тука треба да се направи измената која беше предложена на претходниот записник бидејќи и тука бил отсутен г-дин Јанчески. Корекцијата ќе биде – „се придржува кон мерките на Владата за заштита од коронавирусот“.

Советот со прифатената корекција, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 4 и 5**

Г-дин Трајчевски во однос на точките 4 и 5 - Предлог-одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година и Предлог-одлуката за доделување финансиска помош-донација за справување со последиците од Коронавирусот Covid-19, предложи да се одвиваат во една дискусија бидејќи станува збор за две последователни и поврзани работи кои не можат да бидат одделени, а потоа гласањето да се одвива за секоја точка поединечно.

Г-дин Петрушевски рече дека за него предлогот е прифатлив и побара мислење од останатите членови на Советот.

Г-дин Фиданоски рече дека го прифаќа предлогот на директорот и сугерираше дискусијата да се задржи на Точка 5 бидејќи во неа содржински е главниот дел.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува и со неговиот предлог, но тоа е колегијален договор помеѓу членовите на Советот.

Г-дин Трајчевски објасни дека заради настанатата ситуација со пандемијата на коронавирусот, функционирањето на медиумите во нашата земја стана многу отежнато. Медиумите имаат многу значајна улога бидејќи освен лекарските екипи и тие се исто така во директен контакт и со заболени, со граѓани, политичари и се првата линија на фронтот во борба против вирусот. Заради влошената економска состојба драматично им се намалуваат приходите од реклами. Поради тоа се предлага да се изврши измена односно зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година за дополнителни 105 милиони денари кои Агенцијата ги има на својата сметка како заштедени односно акумулирани средства од минатите години. Со тоа Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година ќе изнесува 243 милиони 132 илјади и 275 денари. Овие 105 милиони денари ќе бидат поделени на следниов начин:

- 30.000.000,00 денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија"
- 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија со тоа што на телевизиите и радијата што го платиле надоместокот за 2019 и 2020 година за телевизиско и радио емитување ќе им биде вратен надоместокот во износ минус ДДВ, бидејќи таа сума Агенцијата ја има уплатено во УЈП. Останува една помала група на медиуми кои го платиле надоместокот за 2019 година, а до крајот на оваа година треба да го платат надоместокот за 2020 година, и на оваа мала група на радиодифузери ќе им биде намалена фактурата за дозволата за радио или телевизиско емитување само во висина на ДДВ, додека за другата сума нема да има побарување и ќе биде анулирана како донација од страна на Агенцијата, потоа

- 1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија и 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov". Во Точката 5 каде е предложена конкретната одлука, во врска со донацијата на Министерството за здравство во точка 1 алинеја 3 предметот на донација наместо „1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на заштитна опрема за здравствените работници, набавка на возила, медицинска опрема и медицински средства и материјали потребни за справување со коронавирусот; подготовка на кампањи за информирање на граѓаните и други активности од надлежност на Министерството за превенција, спречување ширење и справување со последиците од Коронавирусот", да се замени и да гласи: *„1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov"*. Оваа промена е побарана од Министерството за здравство и оваа промена соодветно да се измени и во образложението на Одлуката.

Г-дин Трајчев рече дека има прашања за Точка 4 каде стои – зголемување на приходите. Рече дека го разбира делот каде се наведени расходите. Директорот објаснил дека овие средства практично се собрани од претходни години остварени како приход а потоа се даваат да се потрошат како расход. Праша зошто да се зголемува приходот кога оваа година нема да се оствари приход? Практично сега во Финансискиот план треба да се предвиди дека ќе се остварат 243 милиони денари зголемени со тие 105 милиони денари а практично тие нема да се остварат. Праша дали тие средства треба да стојат во приход, тоа е едното прашање и второто прашање во однос на тие радиодифузери каде ќе им се фактурира само ДДВ. Прашањето му беше дали е дозволено да се фактурира само ДДВ од причина што ДДВ треба да биде изразено на фактурата која треба да се даде?

Г-дин Трајчевски одговори дека во Финансискиот план за било која година па и за 2020 година се предвидени оние средства кои се планираат како приходна страна. Како приходна страна во Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година кој се усвои кон крајот на месец декември 2019 година, освен приходите од дозволите за радио и телевизиско емитување, надоместокот кој го плаќаат ОЈЕКМ, приходите кои се добиваат од Буџетот и транзитните фактури имаше и одредена сума, не може точно да се сети можеби 12-13 или 15 милиони денари приходи од изминати години, бидејќи со реалните приходи кој што ќе се остварат во 2020 година не може да се покрие работењето на Агенцијата. Така што сега овие акумулирани средства кои се на сметката на Агенцијата мора да се додадат како приход за да може од расходната страна да се подели донацијата од 105 милиони денари. Што се однесува до фактурирањето, бидејќи има различни типови на радиодифузери фактурата би изгледала на пример: Ако надоместокот на некој радиодифузер изнесува 1 милион денари, во фактурата ќе пишува 1 милион денари плус 18% ДДВ, тоа е 1 милион и 180 иљади денари, минус донација од 1 милион денари и ќе остане само фактура од 180 иљади денари. Ова не е ништо ново, ниту незаконски и се практикува во многу голем број на компании што даваат одредени

попусти бидејќи попустот може да се однесува само на оние средства со кои располага Агенцијата а не може да се однесува на даноците кои треба да се платат кон соодветни институции.

Г-дин Петрушевски се заблагодари на одговорот и рече дека за него ова е прифатливо, но бидејќи прашањето го поставил г-дин Трајчев му даде можност за поставување на дополнителни прашања доколку има.

Г-дин Трајчев рече дека не е стручен во оваа финансиска област и затоа прашал. Целта на неговите прашања е за да постапуваат законски, но ако од директорот добиле одговор дека тоа е законски, и во делот на приходите и во делот на ДДВ, и во целата работа како право на Агенцијата да дава донации тогаш нема понатамошни прашања.

Г-дин Ајдини рече дека ситуацијата во која се наоѓаме ги погоди сите па и медиумите кои многу тешко ќе можат да опстојат на пазарот ако не се преземат мерки со кои што ќе може да им се помогне. Добро е што Агенцијата има можност а исто така и подготвеност да додели финансиска помош - донација за медиумите со која ќе им се олесни нивната работата во овој доста исклучително тежок период кои ја имаат клучната улога за информирање на јавноста. Смета дека е изнајден добар начин како да се доделат средствата односно медиумите кои го имаат платено надоместокот за дозволата за 2019 и 2020 година да им се вратат назад. Исто така рече дека е добро што се донираат средства за МРТВ, Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство. Според него ова е добар предлог и ќе го поддржи.

Г-дин Фетаи рече дека ја поздравува и ја поддржува оваа идеја посебно во време на вакви кризни услови во кои се наоѓаат сите и сите го чувствуваат тоа. Агенцијата веќе се докажала со реакција во моменти кога треба помош во рамките на можностите на Агенцијата, како случајот со донација за Република Грција, Република Албанија и претходно уште еден случај. Значи секогаш покажувала внимание кон тоа и сега во овие околности во кои посебно се наоѓа делот за кој имаат надлежност Агенцијата и Советот а тоа е функционирањето на медиумите и нивното почитување на Законите и реализирање на нивната мисија соодветно да информираат за пандемијата и воопшто за ситуацијата во која се наоѓаат сите во светот како светска криза. И нашата држава се соочува и се обидува да ги намали последиците. Во една ваква вонредна ситуација медиумите имаат една многу значајна улога во смисла на реализирање на сите препораки на Владата и експертите. Рече дека лично е изненаден од дарежливоста на Агенцијата да додели средства од 103 милиони денари што покажува сериозен пристап кон состојбата и кон медиумите. Од овој позитивен потег и позитивна идеја на директорот и Советот кој ќе го гласа ова, медиумите ќе бидат благодарни. Малку се затечени бидејќи веќе е афирмирана оваа позиција и сите медиуми се изненадени позитивно дека назад ќе ги добијат парите од надоместокот за две години. Ова е добро, исто така ја поддржува донацијата и за Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство. Единствено за јавниот сервис, рече дека не сака да биде сфатен погрешно, бидејќи тие се под надлежност на Буџетот не знае дали било потребно да се дадат 30 милиони денари и нив во суштина повеќе им треба. Но бидејќи директорот оценил така, го прифаќа предлогот. Рече дека ќе ја поддржи оваа идеја и се надева дека ќе се добие ефектот за кој Агенцијата и Советот ги наменуваат овие средства со оглед дека

медиумите најголемите проблеми кои ги имаат отсекогаш е плаќањето на надоместокот за дозволата и секогаш се соочени со тоа кога доаѓа време да ги плаќаат дозволите па им се дава рок уште 15 дена. Основна база на финансирање на медиумите е рекламирањето а уште повеќе што тие очекуваа дека ќе земат некои средства од платеното политичко рекламирање и изборите кои ги чекаат како „богат сезонски род", но сега изборите се пролонгираа. Идејата е добра, ја поддржува и посака среќа да се финализира ова до крај и во иднина да нема повеќе потреба од вакви донации, што побрзо да помине оваа кризна состојба која го зафати светот посебно медиумите.

Г-дин Трајчевски процедурално рече дека г-дин Фетаи можеби направил ненамерна грешка и рекол 103 милиони денари за донација, но сепак станува збор за 105 милиони денари.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Фетаи правилно кажал, бидејќи 103 милиони денари се донација за медиумите а 105 милиони денари се заедно со средствата за Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство.

Г-дин Фиданоски рече дека прво ќе се вклучи во дискусијата за Предлог-одлуката за зголемување на Финансискиот план, она што го загатнал г-дин Трајчев. Смета дека прво треба да има средства на приходната страна за да може подоцна тие да се трошат на еден или друг начин во зависност од тоа како ќе одлучат, во овој случај да се донираат. Тие се средства што Агенцијата ги има заштедено, но не стојат во Финансиските планови што ги усвојувале минатите години. Вториот момент е технички и предложи за да биде правописно и коректно напишано во предлогот до Советот и во Предлог-одлуката, во ставката 450 – Помошти, донации и други давања, зборот „Помошти" да остане само „Помош" затоа што во македонскиот јазик зборот „Помош" е и во еднина и во множина. Во однос на материјалната расправа по точките рече дека и тој се приклучува кон поздравите кои ги кажале претходните дискутанти. Апсолутно смета дека ова е добар и навремен потег што го прави Агенцијата. За него двете клучни поенти се, прво дека Агенцијата и Советот покажуваат дека се општествено одговорни и солидарни во една ваква тешка, незгодна, вонредна ситуација во која се наоѓа државата. И второ за што често пати потенцирал и сега ќе повтори дека Агенцијата и Советот и овој пат докажуваат дека се грижат да создадат и креираат амбиент за работата на медиумите. Се надева дека радиодифузерите овие средства, кои што не се мали, ќе ги искористат на вистински начин за да се справат со последиците од кризата што е создадена со коронавирусот КОВИД-19. До медиумите апелираше апсолутно тие да ги потрошат на вистински начин за да новинарите бидат стимулирани. Не би сакал да слушне информации за некој извесен период дека заради кризата ќе се редуцира бројот на вработени во медиумите, особено за новинарите, затоа што тие се сепак заедно со припадниците на здравството, на МВР, на Армијата и на другите институции, условно речено на првата линија на фронтот во овој момент за сите граѓани во државата. Ја користи приликата да ги повика сите други институции како Агенцијата, а има и подобри во финансиска смисла од АВМУ и добростоечки профитни компании, да го следат овој чекор - давање помош во овој акутен момент. Некои компании тоа го направиле, но не е лошо тоа да го направат и сите останати особено добро профитните и да им помогнат на медиумите, посебно на оние кои се во online секторот иако Агенцијата како регулатор не е

директно надлежна за нив. Но бидејќи ситуацијата е таква каква што е, има неофицијални информации дека многу од компаниите ги повлекуваат договорите за рекламирање со овие медиуми и тие медиуми се соочуваат со сериозни проблеми, особено ако потрае оваа ситуација. Ги повика да не ги прекинат туку да ги продолжат договорите, да го засилат своето присуство со рекламите и на таков начин да овозможат медиумите и новинарите да работат и да известуваат за сè што е потребно а што е од јавен интерес. Економски стабилни медиуми се прв предуслов за нивниот професионализам, објективност и одговорност и на тој начин таквите медиуми се вистински чувари на едно демократско општество како што сакаме да биде и македонското. Ја поздрави и донацијата што треба да се додели на Министерството за здравство и на Министерството за внатрешни работи иако таа во овој момент е симболична сума со оглед на потребите што ги имаат, сепак е значајна. Агенцијата и Советот им покажаа дека се со нив и целосно ги поддржуваат во сите нивни битки што ги имаат во овие денови за спасување на животи, секој на својот начин и секој во својот домен. На крајот информираше дека во текот на ноќта се случил немил настан во Струмица, избил пожар во објектот на регионалниот медиум ТВ ВИС и според информациите кои ги добил станува збор за сериозна материјална штета. ТВ ВИС е кредибилен, респектабилен, регионален медиум и предложи доколку постои можност да му се излезе во пресрет затоа што во овој момент е значајно неговото присуство во етерот и доколку има таков предлог со задоволство ќе го поддржи.

Г-дин Трајчевски во врска со пожарот кој ја зафати ТВ ВИС рече дека за тоа сакал да говори на крајот од седницата под Точка Разно, но бидејќи сега се отвори прашањето, објасни дека се планира за првата наредна седница да се разгледа можноста со колкава сума може да му се помогне на овој медиум, бидејќи покрај желбите мора да се водиме и според реалноста и средствата кои ги има Агенцијата која не смее да си дозволи нејзино загрозување. На следната седница како и денес ќе се предложи измена на Финансискиот план за 2020 година со соодветна донација специјално наменета за овој медиум кој буквално изгоре до темел и реално не емитува програма. Сигурно дека оваа помош нема да ги реши ни минималните проблеми, но од страна на регулаторот ќе се изрази поддршка на медиумот. Смета дека согласно финансиските средства и можности на Агенцијата максималната сума би била 2 до 3 милиони денари.

Г-дин Фиданоски рече дека го радува најавата од директорот Трајчевски и го поздрави неговиот говор. Апсолутно се согласува дека тие средства во овој момент не им се доволни, но Агенцијата и Советот покажуваат максимална солидарност кон нив и знае дека ќе им значат и повеќе, не само од материјална страна туку и како поддршка за нив и нивното постоење.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ во врска со ставката 450 – Помошти, донации и други давања, објасни дека не се работи за техничка грешка туку се работи за име на сметка која што е внесена во контните планови и е објавена во Службен весник. Таа ставка така гласи и не може на неа јазично да се интервенира.

Г-дин Трајчев рече дека сака малку повеќе материјално да се произнесе околу Точка 5 бидејќи неговото излагање за Точка 4 беше повеќе од технички аспект. Се

надоврза на дискусијата од неговите колеги и рече дека оваа донација е за поздравување, Агенцијата во вакви тешки времиња да се најде и да помогне во оваа состојба. Истакна дека заштедата која ја има Агенцијата го покажува досегашниот правилен и домаќински начин на работа затоа што тие средства се заштедени од претходни години, успеано е да се генерираат и да може да се употребат во вакви тешки и потребни моменти. Исто така како битен момент го истакна начинот, методологијата на распределба која дава правилен начин на распределување на средствата, затоа што ако Агенцијата се определеше за начин на кој медиум колку проценти или по некои други критериуми ќе беше секогаш дискутабилно. Вака самиот критериум кој што ја определува висината на надоместокот кој е различен за различна големина на медиуми дава можност соодветно да се даде таа донација, да биде правилно дистрибуирана кон сите радиодифузери. Се надева дека радиодифузерите средствата ќе ги потрошат правилно во функција на подобрување на работењето во нивната дејност и дека тоа ќе ја ублажи и вака тешката ситуација која го погоди не само тој сектор туку и сите други сектори во државата.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе се јави за збор за двете точки. Ги поддржува Предлозите дадени под Точка 4 и Точка 5, и секако дека ќе го даде неговиот глас. Оние дилеми што ги има г-дин Фетаи околу големиот износ кој се донира, ги имал и тој. Притоа размислувал и правел некои истражувања и пресметки колку Агенцијата имала трошоци претходната 2019 година. Сега се донираат реално 105 милиони денари или 1,7 милиони евра, сумата изгледа навистина голема а Агенцијата во 2019 година има потрошено 80 милиони денари. Процентуално 131% дава повеќе пари во однос на тоа што Агенцијата потрошила. Тоа е огромно давање од страна на Агенцијата и ова како што кажал и г-дин Фетаи не е заслуга само на директорот, не е заслуга само на Советот, тука секако свој удел имаат и вработените. И тој за нив најмногу размислувал затоа што овие 1,7 милиони евра значат дека доколку Агенцијата нема никакви приходи , таа би работела уште една година и три месеци без проблеми. Ова е навистина голем потег од нивна страна и од вработените. Значи свесно ги даваат овие пари знаејќи колку е тешка ситуацијата и колку тешки економски моменти ги очекуваат медиумите и државата во иднина. За да знаат колку ова процентуално значи за Агенцијата треба да имаат предвид дека Буџетот на нашата држава, парите што се потрошени во 2019 година биле 3,7 милијарди евра. Ако се спореди со оваа донација тоа значи дека сега кога би се нашол некој донатор во светот, за да се изедначи со донацијата на Агенцијата треба на граѓаните и бизнисите да им донира 4,8 милијарди евра. Значи толку е релативно голема оваа донација, огромна е. Најбитно е што парите што ги даваат се пари кои реално постојат на сметката на Агенцијата, не се работи за кредит. Ова е навистина голем потег и тој искрено се гордее и со директорот и со Советот и посебно со вработените.

Г-дин Трајчев рече дека е поттикнат од дискусијата на г-дин Петрушевски и дека сака да постави едно прашање до директорот. Праша дали оваа донација со која ќе се дадат финансиски средства и со оглед на фактот дека приходите што ги планираат оваа година може да бидат тешко собрани, дали може да се одразат на работењето на Агенцијата и дали може да се доведе во ситуација да не може Агенцијата да

функционира? Побара директорот да одговори на прашањето за да се знае дека донацијата е правилно дадена.

Г-дин Трајчевски одговори дека средствата се испланирани и дека нема работењето на Агенцијата да биде доведено во прашање.

Г-дин Фетаи рече дека тоа што го кажал директорот дека Агенцијата е сигурна во работењето не се сомнева, бидејќи со оглед на искуството што го докажал директорот би рекол дека е голем економист и нема дилеми. Во врска со големината на донацијата рече дека воопшто не ја оспорува туку позитивно е изненаден. Секогаш излегувале со донации кога треба, но ова навистина е над неговите очекувања и размислувања во секој поглед, но позитивно и многу му е драго дека има таков капацитет непречено да се продолжи и да се реализира и работењето на регулаторот. Инаку да беше ова предлог на директорот и притоа да нема реална материјална основа непречено Агенцијата да продолжи со работа, тогаш ќе значеше дека „ја сечат гранката на која седат". Онаа народна поговорка дека во мака се познаваат пријателите, Советот и Агенцијата како регулатор во овие моменти на медиумите им покажуваат дека не се само контролори на нивните програмски содржини, туку се грижат целокупниот радиодифузен спектар, радиодифузен пејзаж да функционира нормално. Ако се појави барање за нов медиум, ако сака да отвори некој телевизија, Агенцијата прави истражување, Законот обврзува да се истражи дали тој нов медиум може да го помести пазарот и работењето на сегашните медиуми, дали таков формат е потребен или не. Во таа смисла овој потег на Агенцијата и Советот е многу позитивен, бидејќи навистина со коронавирусот и оваа пандемија медиумите се загрозени, прашањето е како тие сега ќе функционираат, а се зголемува нивната обврска околу издејствување со целокупната состојба и ги гледаат новинарите во кои услови функционираат. Во таа смисла пак се приклучува кон тоа дека е смела оваа бројка од 105 милиони денари. И за двете министерства, иако на нив нема можеби многу да им значат еден милион денари, но поважна му е идејата да им помогнат на медиумите бидејќи тука е нивната законска обврска. При тоа рече дека веројатно оваа донација едногласно ќе се прифати за да се реализира.

Г-дин Петрушевски рече дека сака да даде еден коментар на г-дин Фетаи. Рече дека овие пари навистина изгледаат малку за министерствата во однос на медиумите, но тие во неговото размислување се повеќе поттик и другите да им донираат бидејќи има ефект. Агенцијата објави соопштение за јавност во врска со оваа донација и следниот ден компанијата Алкалоид донираше 200 илјади евра за овие две министерства. Смета дека ова беше повеќе да се предизвика една лавина од донации. Сепак медиумите се тие за кои се надлежни и тие се тие кои учествувале во овие пари кои се донираат.

Г-дин Фетаи рече ако е за поттикнување за давање донации тогаш Агенцијата како регулатор на медиумите со овој потег би требало да ги анимира другите да донираат кон медиумите во смисла на реклами и слично. Тие обврски што ги имаат медиумите кон јавните претпријатија, да не каже за дигиталната платформа кои се вклучени. Сега со последните измени на ЗААВМУ кога имале дилеми за почитување на авторските права, па што да се прави со кабелските оператори, освен ова важен е конкретниот финансиски ефект што ја има оваа донација, ја има и пораката дека ние навистина го ставаме во центар вниманието на целото општество, па и на Владата и на сите институции кон

медиумите и кон нивната позиција во која се наоѓаат. Ако одиме уште повеќе да се прошириме се плаши дека директорот ќе ја земе улогата на премиерот а тие ќе бидат како министри. Важно му е да бидат во улога на медиумите, тука им е законската мисија и обврска.

Г-дин Трајчевски во однос на дискусијата што ја имаше г-дин Фетаи и г-дин Петрушевски рече дека ова формално правно значи донација, но реално значи инвестиција во медиумите. Бидејќи ако не им помогнат сега со овие средства до година ќе нема од кого да се наплати надоместок за дозвола за емитување. На тој начин и Агенцијата ќе биде уште повеќе оштетена до година ако денес не им пружи рака на тие што се регулираат. Затоа оваа донација треба да се гледа од битен аспект дека всушност се создаваат услови овие медиуми да опстојат и да можат до година во јануари да платат барем 55-60% од ова што сега Агенцијата и Советот го донираат.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува дека висината на донацијата е акт, чекор без преседан во позитивна смисла на зборот. Тоа е она што го зборувал во неговата дискусија дека имаат обврска не само да го спроведуваат Законот кој е примарен, но и да создадат амбиент за работа на медиумите, а на овој начин ќе се создаде амбиент. Не сака да изгледаат или да звучат, честопати тоа го кажувал, како шпанска инквизиција која само го спроведува Законот и мерките ако некој не ги почитува туку во даден момент им помагаат, им влегуваат во положение и им донираат толку колку што можат. Колку тоа изгледа како помош реално, нека го коригира раководителот Радуновиќ кој има искуство во таа област, но според неговите проценки таа донација што ќе ја добие од Агенцијата секој радиодифузер, за поголемите медиуми, за најголемите, еден месец во бруто износ ќе им покрие плати на сите вработени, можеби и за повеќе месеци за тие помали медиуми. Тоа не е минорна помош. Се придружува на дискусиите во однос на тоа дека овие потези што ги прават, со пример покажуваат што треба да направат и другите. Сега имаат полно право да ги повикаат сите и очекуваат сите да излезат во пресрет, да донираат и да вложат во медиумите. Не мора да донираат средства туку добро профитните компании да ги продолжат договорите за рекламирање кои ги имаат склучено со медиумите, да го засилат своето присуство и на комерцијална основа да им помогнат на медиумите за да опстојат и понатаму.

Г-дин Трајчевски рече дека ќе објасни за износот од 73 милиони денари што ќе биде поделен на комерцијалните радиодифузери, за да имаат претстава колку би добиле по групи национални, регионални и локални. Националните телевизии без оглед дали се терестријални или кабелски би добиле околу 4 милиони и 400 илјади денари секоја од телевизиите. Телевизиите од Скопје како најголем регион некаде околу 1 милион и 300 илјади денари. Од штипскиот регион некаде околу 815 илјади денари, тука спаѓа Кочани, Делчево, Виница, од Струмичкиот регион некаде околу 780 илјади денари а од радијата на национално ниво, тука зависи и од форматот, но на пример РА Антена 5 би им се вратиле околу 1 милион 600 илјади денари. Во зависност од големината на медиумот, но некои од нив ќе може да обезбедат плата за два или три месеци додека за поголемите медиуми може ќе биде еден или месец и половина, но зависи од медиум до медиум односно од регион до регион.

Г-дин Фетаи рече дека директорот дал многу стручна оценка во смисла на идејата на овие средства. Навистина тоа е инвестиција во медиумите. Агенцијата и Советот помагаат тие да опстојуваат, тоа е идејата. Тоа е добро затоа што една од основните позиции како регулаторно независно тело, една од важните ставки е да биде финансиски независно а не да се финансира од Буџетот па Владата да условува. Од овој аспект тоа е позитивна идеја, инвестирање во опстојување на медиумите да ја надминат оваа кризна состојба.

*Гласање по Точка 4*

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, бр.05-5575/1 од 25.12.2019 година.

Со предложеното зголемување на финансискиот план за 2020 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемуваат за 105.000.000,00 денари, односно истите изнесуваат 243.132.275,00 денари. Со измените кои што се предлагаат, се обезбедуваат средства во износ од 105.000.000,00 денари, за доделување на финансиска помош – донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID - 19 и тоа:

- 30.000.000,00 денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија" за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и друг вид програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економското работење на јавниот сервис поради Коронавирусот;

- 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма, за санирање на негативните последици врз нивното економското работење поради Коронавирусот и овозможување нивното непречено функционирање;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov" и

- 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, набавка на возила или друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерството за превенција, спречување ширење и справување со последиците од Коронавирусот;

Обезбедувањето на финансиските средства се извршува со измена на следните позиции:

- Вкупните приходи се зголемуваат за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 138.132.275,00 денари, истите изнесуваат 243.132.275,00 денари.

- Позицијата Пренесени средства од минати години се зголемува за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 12.422.275,00 денари, истата изнесува 117.422.275,00 денари.

- Вкупните расходи се зголемуваат за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 138.132.275,00 денари, истите изнесуваат 243.132.275,00 денари, односно се воведува нова групна ставка која гласи:

450 – Помошти, донации и други давања на субјекти и истата изнесува 105.000.000,00 денари и се воведува:

Позиција 450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти која изнесува 105.000.000,00 денари.

*Гласање по Точка 5*

Г-дин Трајчевски процедурално рече дека во текот на дискусијата ја прочитал измената во одлуката на предлог на Министерството за здравство и во образложението и сака тоа да го имаат предвид кога ќе гласаат.

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот го става на гласање со вградена корекција онака како што барало Министерството за здравство.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување финансиска помош-донација за справување со последиците од Коронавирусот Covid-19 во вкупен износ 105.000.000,00 (сто и пет милиони) денари, на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија", радиодифузерите кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи од кои:

- 30.000.000,00 денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија" за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и друг вид програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економското работење на јавниот сервис поради Коронавирусот;

- 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на

програма, за санирање на негативните последици врз нивното економското работење поради Коронавирусот и овозможување нивното непречено функционирање;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov"; и

- 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, набавка на возила или друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерството за превенција, спречување ширење и справување со последиците од Коронавирусот.

Горенаведената одлука ќе се применува по добиеното позитивно мислење од Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за утврдување на став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2019 година. Објасни дека е доставен Ревизорскиот извештај и тој ќе биде составен дел од Годишниот извештај за работата на Агенцијата за 2019 година. Во еден дел ревизорот има забелешка и дава мислење со резерва во однос на тоа што побарувањата кои се со подолг временски период во висина од 24.411 илјади денари не се отпишани. На таков начин се претставува како подобра финансиската состојба на Агенцијата со тоа што реално тие побарувања и теоретски не може да се наплатат. Потсети на дискусиите минатата година, неколку пати дискутирале на седници на Совет тие побарувања да бидат отпишани, но ставот на Советот беше дека тие средства не треба да бидат отпишани. Согласно мислењето на ревизорот по донесувањето на Ставот на Агенцијата и усвојувањето на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за 2019 година, на една од наредните седници до Советот ќе биде предложено овие побарувања да бидат отпишани. Инаку станува збор за побарувања од пред 2012 година, односно пред овој состав на Советот да биде избран од Собранието.

Г-дин Фиданоски рече дека го ислушал директорот Трајчевски и во контекст на неговата дискусија предлага следниот пат овие побарувања да се расчистат што побрзо односно Агенцијата да се откаже од нив доколку реално со нив ќе се поедностави позицијата на Агенцијата односно процедурата и финансиско работење.

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата нема да се откаже од нив туку само побарувањата ќе се отпишат и доколку во иднина се создадат услови да се наплатат тие побарувања, тогаш ќе се наплатат. Тоа е разликата во однос на коментарот на г-дин Фиданоски.

Г-дин Петрушевски даде кратко објаснување, вовед во точката бидејќи г-дин Трајчев и г-дин Фетаи за време на образложението од директорот за кратко се исклучија од конференциската врска.

Г-дин Трајчев рече дека прашањето сака да го постави до раководителот на Секторот за финансии и логистика од стручен аспект. Праша дали овој ревизорски извештај е изготвен согласно сите правила за ревизорски извештај и дали согласно стандардите ги содржи сите работи, затоа што тие како Совет треба да заземат одреден став за нешто што не го разбираат од аспект на финансиски параметри, па им треба потврда дека тоа е така за да може да кажат дали се согласуваат или не. Второ околу нивната резерва што ја имаат во однос на тие побарувања, праша дали тоа е нешто за што Агенција може да преземе некакви дејствија за да следната година има чист ревизорски извештај. Од тоа што го прочитал ревизорите кажуваат дека сите податоци и бројки се правилно изразени освен што имаат резерва во однос на тие побарувања. Праша што може Агенцијата да преземе за да нема ваква состојба и констатација од страна на ревизорот кој искажува одредена резерва?

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ одговори дека доставениот ревизорски извештај е изработен согласно сите ревизорски стандарди. Сите потребни лиценци наведениот ревизор ги има и ги исполнува условите. Во однос на ненаплатените побарувања одговори дека тие би требало да се отпишат. Во таа насока и минатата година се започна постапка што да се направи со нив и најдобро е да се отпишат бидејќи претходно се спроведени сите можни процедури кои можеле да се спроведат односно се отужени, потоа се ангажирани извршители и не можел да се наплати долгот. И од таа причина најдобро ќе биде да се исчистат билансите во текот на оваа година, пред да заврши деловната година и да не постојат повеќе во билансите на Агенцијата. Нагласи дека претходно сите потребни законски мерки се преземени за да се наплатат овие средства што се наведени во резервата на ревизорот но Агенцијата не успеала.

Г-дин Трајчев во однос на компанијата што ја врши ревизијата дека ги има сите лиценци, рече дека тоа веројатно е така и кога се избирале во јавната набавка сигурно и тоа се барало. Прашањето не му било дали има лиценци туку дали Извештајот е изготвен согласно сите потребни правила за изготвување на ревизорски извештај затоа што Советот носи некаков став за да го прифатат тоа, но не се стручни во таа област и затоа побарал да му одговори ако донесат таков став дека тој е изготвен согласно сите тие правила и дека е во ред, а не дали тие имаат лиценци.

Раководителот Радуновиќ одговори дека Извештајот е изготвен согласно правилата и додаде дека сите ревизорски извештаи веќе 12 години наназад се изработени на истиот начин како и овој.

Советот на Агенцијата едногласно го утврди ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2019 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во целост се согласува со мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за 2019 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 03-1237/2 од 19.03.2020 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот став да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлог-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година. Објасни дека во извештајот се вклопени сите активности на Агенцијата во 2019 година за кои генерално Советот е добро запознаен со целокупната содржина поради тоа што преку кварталните извештаи се редовно известувани. Првиот дел се однесува на најзначајната активност на Агенцијата во 2019 година а тоа е Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година која беше усвоена таа година. Понатаму многу значајна активност во извештајната година беше мониторингот на медиумското покривање на изборите. Потоа се следи стандардната структура на извештајот која што Агенцијата ја следеше претходните години и се покажа како добра и прегледна во однос на програмските обврски на радиодифузерите, активностите на Агенцијата што се преземени во однос на заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, социјалната инклузија, медиумската писменост, поттикнување на слободата на изразување и на слобода на медиумите, родот во медиумите, доделување дозволи, надзорите над работењето на издавачи на печатени медиуми. Сите мерки кои се преземени се прилично детално образложени во извештајот, анализите и истражувањата што се направени, сите активности на Агенцијата на полето на меѓународна соработка, процес на европска интеграција како и во однос на транспарентноста на работењето на Агенцијата. Како прилози кон извештајот се дадени прегледи на сите изречени мерки, доделени и одземени дозволи, извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор и финансискиот извештај. Практично ова е обврска на Агенцијата од член 8 од ЗААВМУ. Напомена дека обврската е до 31.03.2020 година да се достави Извештајот до Собранието.

Г-дин Петрушевски рече дека го прочитал извештајот. За него имаше доволно време, повеќе денови да се разгледа и пронашол само една техничка грешка која се наоѓа на страна 204 од материјалот. Во насловот пишува дека финансискиот извештај се однесува за 2018 година, во материјалот е во ред, но во насловот треба да стои дека е за 2019 година. Предложи ова да се коригира а други забелешки нема. Извештајот го поддржува во целост, затоа што реално ја одразува состојбата на Агенцијата која ја оценува како многу квалитетна.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој ќе даде поддршка за извештајот за тоа што Агенцијата го има сработено во изминатите 365 дена. Според него технички е добро среден, детален, дури и повеќе за негов вкус но не негативно, напротив многу позитивно

затоа што на увид во детали има повеќе за сите активности што ги правела Агенцијата. На многу од нив, барем на тие што се одржуваа во седиштето бил сведок апсолутно во сите домени и во делот на медиумската писменост и во надзорот она што е примарната есенцијална дејност, особено за делот на изборите нема никакви забелешки. Во однос на тоа како е спроведено, смета дека е професионално, на висина на задачата. И оваа година Агенцијата ја чекаат голем број активности. Изборниот мониторинг се пролонгираше заради ситуацијата, но не значи дека нема да го има, ќе го има оваа година без разлика што сега тие активности пред некој ден со уредба на Владата се прекинати. Тие ќе продолжат само ќе треба да се види кога. Секој од секторите според негово мислење си ја завршил работа онака како што треба, она за што бил повикан бил одговорен и ја завршил и во една целина смета дека извештајот е реален одраз за работата на Агенцијата и ќе даде поддршка за него.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2019 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2019 година и годишната сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2019 година).

Агенцијата да постапи во согласност со член 8 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19, 154/19 и 42/20) и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2020 година. Објасни дека ова е стандардна точка и стандарден трошок што го има Агенцијата за членството во Европската платформа за регулаторни тела. Износот е 3600 евра, но без оглед што фактурата е испратена ќе се направат напори и обиди ако може ЕПРА да ја намали фактурата или пак воопшто да не се плати со оглед на состојбата која ја зафати цела Европа и цел свет. Во таа насока рече дека Советот ќе биде информиран дали ЕПРА ќе даде согласност фактурата да се намали или пак воопшто да не се плати.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2020 година бр.05-1196/1 од 16.03.2020 година.

Г-дин Фетаи по гласањето рече дека идејата на директорот да се побара ЕПРА да ја има предвид ситуацијата и членарината да не се наплати, ако се надоврземе на претходната точка кога се донираа средства, да биде во согласност со другите држави бидејќи не е криза само кај нас туку и во Италија, Шпанија и така натаму и да не испадне

дека само ова регулаторно тело инсистира да го намали износот на фактурата. Во таа насока смета дека директорот добро ќе процени дали тоа ќе се бара, но смета дека не треба по секоја цена бидејќи тие 3600 евра се трошоци што се потребни за организацијата и одржување на конференциите.

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за запирање на покренатата постапка за одземање на дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Објасни дека во овој изминат период по барање на друг радиодифузер односно РА КАНАЛ 77 беше започната оваа постапка за одземање на дозволата на ЈОН РАДИО. Во меѓувреме овој радиодифузер ја извести Агенцијата дека има покриеност на сигнал поголема од 80% односно 89%. За да биде Агенцијата сигурна дека тоа е така се обрати до АЕК. Добиен е допис од нив кој што стигна во текот на вчерашниот ден и затоа оваа точка беше вонредно ставена во дневниот ред. АЕК во дописот кажува дека ова радио има покриеност со сигнал повеќе од 80%, иако не се поклопува со бројката што ЈОН РАДИО ја кажал од 89%. Причините за тоа тој ги гледа од аспект дека во нашата земја не е направен попис од 2002 година и бројките со кои располага Заводот за статистика не соодветствуваат со реалната состојба во РСМ. Но без оглед на сè, АЕК потврдува дека ЈОН РАДИО има 80.29% со што е исполнет законскиот минимум и затоа се предлага да се запре постапката за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски потсети дека на минатите седници кога имале малку различни мислења членовите на Советот околу оваа точка, тој ветил дека кога ќе се добие информацијата од АЕК наредниот ден ќе ја стави точката на дневен ред. Ете тоа се случило вчера и точката веднаш е ставена и не се одлагаше за да не се промашат термините што ги кажуваше раководителката на Секторот за правни работи во однос на тоа кога броеле уште колку денови има за да се донесе одлуката бидејќи постапката беше паузирана, стопирана. И сега првиот нареден ден треба да се донесе. Тој ќе го поддржи предлогот од Стручната служба, Секторот за информатика и од директорот да се сопре оваа постапка.

Г-дин Трајчев рече дека за оваа точка беше разговарано во неколку наврати. Тој побарал од г-дин Петрушевски кога ќе престане тој прекин за кој мисли дека е на 07.02.2020 година донесен да се стави веднаш како точка. По ова што сега е кажано значи дека прекинот завршил денес, односно до сега постапката била во прекин и сега може првпат да се дискутира, практично досега било ставено во прекин и не можело да се дискутира. Иако е тоа така тој неколку пати претходно во ситуација кога имало една седница каде што со раководителката на правен сектор се направи едно недоразбирање, кажал и сега ќе каже дека за него со оглед на фактот дека е почната постапка и каде што се бара покриеност на 80%, нееемитување на програма значи немање покриеност со сигнал. Тоа го кажал и на една од претходните седници и истото го повторува и сега.

Г-дин Петрушевски рече дека секој член на Советот има свој став и никогаш немале обичај да се наметнува поинаков став на било кој член на Советот. Неговиот став го слушнале, а тоа е да се поддржи предлогот.

Г-дин Фиданоски рече дека го поздравува дописот што го добиле од АЕК. Тоа е практично оној документ кој што Советот го интересираше. Му честита на медиумот што успеал да направи покриеност на мрежата најмалку од 80% доволно да го исполни условот за да може да функционира. Со тоа покажал дека е сериозен медиум и дека немал намера да работи со медиумот како што вели народот секое чудо за три дена. Минатите неколку пати кога дискутирале за оваа точка со некој од колегите на Советот имале различни позиции по однос на ова прашање, можеби од страна на некој од колегите бил погрешно разбран со поентата на неговите дискусии. Но сега ќе каже дека би бил задоволен и ако дел од неговите дискусии го поттикнале медиумот да си ја заврши работата односно неговиот сопственик како инвеститор да ја направи оваа покриеност доволна за да може да зрачи на 80% од територијата на државата и да го задоволи критериумот за да ја задржи оваа дозвола. Му честита, му посака успех во работата и да ја пребροди како што кажале и за сите други медиуми оваа ситуација со која сега во овој момент сите се справуваат. Се надева дека во етерот ќе продолжи да зрачи уште долг период.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што конечно има еден среќен крај. Толку дискутирале и разговарале и не би сакал да се повторува во смисла на тоа што го рекол минатите седници. Идејата на сите тука е да се почитува Законот и исто така и медиумите да го почитуваат Законот. И во рамките на тие дадени можности и Советот делувал. Го чекале одговорот од АЕК и добро е што тие успеале да покријат повеќе од 80% колку што е минимум потребно со Закон и се надева дека овој медиум како што кажал г-дин Фиданоски е сериозен со сериозна инвестиција, кој долги години ќе треба да опстојува на медиумскиот пазар во Македонија. Советот и Агенцијата како регулатор ќе се концентрираат како и секогаш во смисла на програмските содржини, во смисла на техничките можности кои ги има околу покриеноста и така ќе внимава АЕК. Недоразбирања нормално може да се случат понекогаш затоа што се залагале и сите стоеле зад тоа да овозможат еден нов медиум. Во медиумскиот пејзаж на Македонија да се појави уште едно радио на државно ниво со програма претежно на албански јазик што ја реализирале како идеја. Му пречела непринципиелноста на иницијативата, да беше иницијатива од институцијата на пример АЕК, тело кое мери покриеност на сигнал, туку од еден конкурентен медиум што беше непринципиелно. Тоа му пречело тогаш и имал чувство дека сите се труделе како да се затвори радиото, а не како да му се помогне, како што сега доделиле 103 милиони денари за да им помогнат да опстојат со оглед на целокупните состојби, бидејќи секој медиум колку и да е успешен поединечно, тие се под влијание на целокупната клима, целокупната состојба која е во државата. Мисли дека и на нив како регулатор им е драго дека има уште еден медиум кој како што кажал и директорот на почетокот на идната година ќе почнат да ја плаќаат дозволата кон регулаторот. И публиката ќе има можност да слуша едно радио на државно ниво и се надева дека тие нивната инвестиција сериозно ќе ја негуваат во смисла на исполнување на програмските обврски кои ги презеле со земањето на дозволата.

Г-дин Трајчевски рече дека сака да постави едно прашање до г-дин Трајчев, бидејќи повеќе пати изнесува став дека неемитувањето на програма значи и дека нема покриеност. Дали тоа значи дека сега дава предлог дека на ТВ ВИС треба да му се одземе дозволата бидејќи и тие сега не емитуваат програма и немаат покриеност?

Г-дин Трајчев одговори дека кога ќе се постави такво прашање и кога ќе се разгледува како состојба, ќе постапуваат согласно Законот и на друг начин не може да постапуваат. Таков бил неговиот став секогаш во минатото а тој е и сега. Не може да прејудицира како би постапиле, треба да види конкретно точка поставена на дневен ред по која треба да се произнесат.

Г-дин Петрушевски предлог-решението за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година го стави на гласање.

Советот на Агенцијата врз основа од Известувањето од АЕК бр.08-29 од 24.03.2020 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1336/1 од 24.03.2020 година, предлог-решението за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година го усвои со 5 гласа „за", еден глас воздржан од г-дин Јанчески и еден глас против од г-дин Трајчев.

Г-дин Трајчев рече дека неговиот глас против е со издвоено мислење.

Г-дин Петрушевски во врска со барањето на г-дин Трајчев за време на гласањето да биде заведено дека неговото гласање е со издвоено мислење, рече дека ова честопати се користи да се побара издвоено мислење, иако по пропис не е правно како што би кажал г-дин Трајчев, бидејќи нема ништо приложено како издвоено мислење само го кажува на крај.

Г-дин Трајчев објасни дека тоа е дискусијата што ја кажал. Законот јасно предвидел доколку некој член на Советот е против, доколку јасно каже зашто а тоа го кажал претходно, го кажува своето издвоено мислење. Тоа е дискусијата што ја кажал претходно.

Г-дин Петрушевски рече дека не вреди да дискутираат. Уште еднаш рече дека 5 члена биле „за", г-дин Петрушевски, г-дин Фетаи, г-дин Фиданоски, г-дин Ајдини и г-ѓа Машовиќ. Воздржан бил г-дин Јанчески и против г-дин Трајчев.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" од г-дин Петрушевски, г-дин Фетаи, г-дин Фиданоски, г-дин Ајдини и г-ѓа Машовиќ, еден воздржан глас од г-дин Јанчески и еден глас „против" од г-дин Трајчев донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, со Предлог Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година, поради тоа што имателот на дозволата обезбедил покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението на Република Северна Македонија односно го усогласил своето работење со одредбите на член 62 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за подрачја на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 10**

**Разно**

Г-дин Петрушевски рече дека има барање од службата да се одобрат средства во износ кој нема да надмине 30.000,00 денари за заштитни средства за вработените и странки – маски, ракавици и средства за дезинфекција.

Г-дин Трајчевски објасни дека во текот на минатата недела се набавија маски, ракавици и средства за дезинфекција. Бидејќи наредните денови практично од утрешниот ден ќе треба да се потпишуваат договори со 116 радиодифузери состојбата налага да треба да има вакви средства за да се заштитат вработените. Сумата која претходно можеше да се плати во готово ја искористиле, не постои друг начин. Ова го направиле сега пред почетокот на седницата бидејќи е доста тешко да се најде и не може да се побара понуда бидејќи овие средства се дефицитарни по аптеките. Кога ќе се најдат заштитните средства до предвидениот износ за кој се бара одобрување ќе се обезбеди и фактура од соодветна фармацевтска компанија од која ќе бидат испорачани за да може да се платат средствата.

Г-дин Трајчев поради тоа што сега е ставено како точка под разно поради итноста на самата набавка и бидејќи нема материјали, неговото прашање е дали Советот сега гласа за потреба, спроведување на набавка со висина од 30.000,00 денари?

Г-дин Петрушевски одговори дека Советот дава одобрување на средства. Материјалите ги добиле половина час пред седница, но можеби некој од нив ги немаат видено. Објасни дека го отпечатил барањето и доколку сакаат ќе го прочита.

Г-дин Трајчев праша дали даваат одобрување како и за сите претходни набавки?

Г-дин Петрушевски рече дека е исто и дека Советот треба да гласа за одобрување.

Г-дин Фиданоски рече дека го слушнал г-дин Трајчевски околу објаснувањето за дефицитарноста. За набавката сугерираше да се обратат директно до Министерството за здравство па ако постои можност интервентно да се добие таа потребна количина.

Г-дин Петрушевски рече дека верува дека директорот ќе ги земе неговите зборови предвид затоа што во Скопје е навистина тешко да се набават овие заштитни средства сега.

Во врска со Одлуката за доделување финансиска помош-донација за справување со последиците од Коронавирусот - COVID-19 на комерцијалните и непрофитните радиодифузери и договорите за донација кои Агенцијата ќе ги склучува со радиодифузерите, Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување да се спроведе

набавка на заштитни средства за вработените и странките – маски, ракавици, средства за дезинфекција, во износ кој нема да надмине 30.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

Г-дин Петрушевски на крајот од седницата се заблагодари на сите за присуството и учеството на оваа историска седница која се одржуваше преку видео конференциска врска и им посака многу здравје на сите.

Г-дин Јанчески во врска со договарањето за наредните седници побара ако е можно бидејќи навистина има зголемен обем на работа од дома со студенти, навремено да се информираат за да закажат во термин што на сите ќе им одговара.

Г-дин Петрушевски рече како и досега лично ќе комуницира со нив за договарање за наредни седници.

Г-дин Фетаи рече дека технологијата се покажа успешна и бидејќи сите се гледале и добро се слушале рече дека многу успешно успеале да ја одржат седницата.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе ја искористи можноста да ги пофали колегите од ИТ секторот посебно м-р Горјан Шеќеринов за ова што денес го реализирале од технички аспект, бидејќи со апликација од 15 евра завршиле одлична работа.

**Бр.** 02-1291/11
02-04.**2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**